Согласно чл.23 и 25 , точка 23 од Статутот на ЗП Гази баба-Скопје, Собранието на седница одржана на ден ------------------------- ја донесе следната :

# П Р О Г Р А М А

## За работа на ЗП Гази баба-Скопје за 2025 год.

## 1. В О В Е Д

Со Статутот на ЗП Гази баба се утврдени целите и задачите на здружението но со оглед на потребите истите постојано се корегираат во зависност од моменталната потреба и состојба.

И оваа година ќе се продолжи со остварување на стратешките цели на здружението за 2025 год.,и тоа почнувајќи унапредување и јакнење на активностите на полето на соработка , следење на прописите од областа на пензионерското осигуирување, како и здравствената заштита и организирање на културно забавниот живот , хуманитарно социјалните цели како и спортските активности на членовите на здружението.

## 2. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Сретствата за финансирање на програмата се предвидени со Финансискиот план за 2025 год. на ЗП Гази баба – Скопје кои во поголем дел ќе се обезбедат од членарината а помал дел од други приходи.

## 3. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Преку дадените предлози од релевантните институции како и од СЗПМ здружението ќе настојува во секој поглед да се подобрува пензионерскиот стандард на пензионерите преку редовна и постојано покачување на пензиите кои согласно методологијата постојано треба да ја следат минималната плата на вработените. Во областа на здравството постојано во контекс со здравствените институции ќе се инсистира на одредени бенифити на пензионерите а посебно за оние повозрасните за добивање на одредени приоритети при користење на услугите од здравството .

## 4. АКТИВНОСТИ НА СПОРТСКИ ПЛАН

Спортските активнмости на ЗП Гази баба се одржуваат во континуитет така и ќе продожат со тоа што во зимскиот период се со намален ангажман, додека во текот и почетокот на пролета и летото тренинзите и натпреварите се зголемуваат .

Ќе се одржуваат спортски натпревари со побратимените здруженија и други кои ќе искажат желба за дружење, така да сите спортисти ќе бидат постојано во една форма која дава придонес постигнување на уште подобри резултати.Сите овие активности се реализирааат преку комисијата за спорт со тоа што почнуваат интензивно од крајот на март и почетокот на април и траат се до Септември или Октомври преку разни содржини, во зависност од дисциплините се обезбедуваат соодветни терени , како и спортски реквизити за спортистите и потребна спортска опрема.

За 2025 год. е планирано да се воведе Спортски риболов за пензионерите во зависност од тоа која дестиницаја ќе се посетува. Исто така е планирано да се одржат повеќе тренинг средби на полето на спортот и тоа како домаќини и како гости. Ќе се настојува да се учествува и на спортски настани организирани од локалната самоуправа по повод денот на нашата општина.

## 5. АКТИВНОСТИ НА КУД

Активностите на КУД Пензионер ќе се продолжат со поголем интензитет и во 2025 год.Пејачката група при ЗП Гази баба седој ден е се поголема и затоа ов-аа година се планира да се формира комбинирана пејачка и играорна група,

Пробите на членовите се постојани скоро преку цела година, така и ќе продолжат со тоа што освен на учеството на Регионалните и Републички ревии да се одржат повеќе средби со хорови и играорни групи од други здруженија и да се учествува на манифестации од тој жанр.

## 6. АКТИВНОСТИ НА АКТИВОТ НА ЖЕНИ

Очекуваме во 2025 год. активот на жени да ја практикуваат социјално-хуманитарната дејност особено на осамени и болни пензионери од рурални средини.Размена на искуства и соработка меѓу активите на други здруженија во текот на годината како и соработка со други организации кои работат со стари лица.

## 7. РАБОТА НА ПЕНЗИОНЕРКИТЕ КЛУБОВИ

Клубовите на пензионери се значајни места каде се одвива реалниот пензионерски живот, ако има интерес ќе работиме на отварање и на други пензионерски клубови и нивно опремување.

## 8. ИНФОРМАТИЧКИ АКТИВНОСТИ

На ова поле преку отворената страна на ЗП Гази баба на социјалните мрежи во континуитет ќе се информираат членовите на ЗП Гази баба за сите настани а за поголеми активности и манифестации ќе се користат и медиумите.

Исто така редовно ќе се одржуваат и состаноци со членовите на Извршен одбор и претседателите на ограноците со цел благовреѕмено информирање на членството.

## 9. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Соработката со локалната самкоуправа е постојана и на висико ниво и константна и во текот на годината ќе се остваруваат повеќе заеднички активности со Црвениот крст, СВР Скопје и други институции со цел за благовремено и правилно информирање на правата и можностите на пензионерите.

10. **Програма е од отворен карактер** и може да се надополнува во текот на годината кој ќе се наметнуваат од разни области и дејности кои во даден момент ќе бидат во интерес на пензионерите од ЗП Гази баба-Скопје.

11. **Програмата е основа за** подготвување на Финансискиот план за 2025 год.за реализација на оваа програма надлежните органи и тела ќе поднесуваат периодичен и годишен извештај.

12. **Програмата влегува во сила** со денот на донесување со тоа што претходно ќе биде разгледана на Извршен одбор а усвоена од Собрание на ЗП Гази баба-Скопје.

Скопје ,------------------------

Претседател на И.О

------------------------

Стојна Тодоровска